Денешен број
Година: 6 Број:1699 Среда 2/22/2006
Архива
Култура
Пребарувач
Во соработка со Најди!
Барај
Насловна
Македонија
Црна Хроника
Свет
Скопје
Култура
Ревија
Калеидоскоп
Живот
Фељтон
Прилог
Пошта
Хумор
Спорт
ФОТО
Време
Кина

Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА

ВО "МАГАЗА" ВО БИТОЛА

**Нелогичност и медитативна реалност на Мирна Арсовска**

Инсталацијата на Мирна Арсовска содржи видео и објекти што ги поврзуваат тркалцата и нивната асоцијативна функција



Од денеска Мирна Арсовска изложува во битоласкиот Културен центар "Магаза". Со оглед на тоа што објектот има два спрата Арсовска вели дека во долниот дел ќе се прикажува видео во траење од безмалку 4 минути. "Видео снимката е поглед на едно дрво во зимски пејзаж, снимено во 'кривина'. Кадарот е повторен три пати. Тоа е монтажа на шума со звук од тркалца кои се движат. На едно место звукот и сликата асоцираат и на движењето на земјината оска околу која и таа се врти" , вели Арсовска.Таа преку оваа сегашна слика сака да постигне медитативна реалност. Делото се вика "Се се врти".

На горниот кат Арсовска ги сместува "тешките" елементи за, како што вели да се потенцира леснотијата на креацијата. Горе таа поставува пет трупови од дрво на кои како аура има закачено тркалца што се користат во мебел индустријата. Со тие тркалца таа сака да симулира нивно придвижување и како што објаснува :"нивна практичност со поместување во просторот, иако таквата функција ним не им е воопшто потребна, ниту пак некој ја бара. Нелогичност".

Мирна Арсовска досега има изложувано во Англија, САД, Германија, Јапонија, Турција, СЦГ.

(М. За.)

фото: Е. Аврамовска

Дома Назад Горе

© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот,
без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането

ФЕРШПЕД
HOTEL
T Home
www. AGORA .ORG.MK
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk